


# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОЛАТЕРАЛИ

**Локација:** Скопје

**Сектор:** Дирекција Генерален секретаријат

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Оддел за Правни работи

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

- **200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**
- **континуирана обука и можност за кариерен развој**
- **приватно здравствено осигурување**
- **конкурентна плата и надоместоци**
- **мотивирачка организациска култура**
- **активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Извршување на сложените работни задачи поврзани со правните аспекти на кредитната активност на банката од аспект на обезбедување на пласмани на банката и воспоставување на заложни права;

Прием и анализа на потребна документација за обезбедување на кредитни продукти на банката;

Оценка и мислење за понудено обезбедување за конкретен кредитен продукт;

Предлози за унапредување на обезбедувањето на кредитните продукти на банката, адекватно на можностите кои ги нудат позитивните законски прописи;

Мислења и толкувања на законски прописи во насока на обезбедување поголема сигурност на пласманите на Банката;

Учество во дефинирање на специфични и сложени заштитни клаузули во договори и нотарски акти;

Застапување на Банката пред надлежни органи во постапките за обезбедување на пласмани на банката.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Правен факултет – Правен смер

Положен правосуден испит

Најмалку 3 години претходно работно искуство во релевантната област

Претходно работно искуство во нотарска канцеларија и/или положен нотарски испит ќе се смета за предност

Активно познавање на англиски јазик и работа со компјутер (МС Office)

Одлично познавање на позитивната законската регулатива поврзана со должничко – доверителски односи и обезбедување на пласмани на банките. Искуство во постапување во постапки поврзани со кредитната активност на банките од аспект на воспоставување на заложни права

Иницијативност, тактичност, креативност, доверливост, самостојност, способност за планирање и одлучување, агилност

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **30.07.2024** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОЛАТЕРАЛИ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**

Те очекуваме!